Годишно обраќање на Сервисеа за 2025

Почитувани клиенти, партнери и поддржувачи на Сервисеа,

После уште една година од нашето работење се осврнуваме на она што го направивме во 2025, но и на тоа што е пред нас во 2026 година и понатаму. Сервисеа ја завршува најуспешната година на компанијата од финансиска гледна точка. 2025 беше година исполнета со макотрпна работа и секојдневно залагање во името на сите наши клиенти. Тоа беше и годината во која прославивме 5 полни години од нашето постоење. Јубилејот го прославивме со свечена вечера, но и со ден за бесплатно советување, каде пружавме можност на сите заинтересирани клиенти да дојдат и бесплатно да го продискутираат својот случај со нашиот тим. Остануваме со надеж дека и десетици години од сега ќе бидеме тука за сите наши клиенти и партнери.

Како по традиција, најпрво би сакале да ја изразиме нашата најдлабока благодарност кон сите клиенти кои во 2025 ја избраа Сервисеа како партнер во решавањето на нивните правни и административни проблеми. Се надеваме дека со нашата инвестиција во реновирање на канцелариските простори во 2025 ќе ја имаме честа да Ве гледаме почесто и во уште поголем број во нашето седиште. Подеднакво голема благодарност изразуваме и кон партнерите на Сервисеа од сите различни сфери на нашето работење. Без Вас, Сервисеа не може да го чекори овој успешен пат кој го трасиравме.

2025 беше и годината на голем број сработени предмети, голем дел од нив веќе познати и рутински за нашиот тим, но и дел комплетно нови, кои ни помогнаа да ги надоградиме нашите знаења. За издвојување е зголемената ангажираност на Сервисеа при визни постапки, како и бројни предмети за клиенти од странство кои не избраа како нивен застапник во интеракциите со македонските институции и фирми. Исто така, припадниците на македонската дијаспора во текот на годината не се двоумеа да ја вклучат Сервисеа во нивните секојдневни решавања на правни и административни проблеми од најразличен карактер. Тој тренд многу нè радува будејќи сфаќаме дека она што го работиме не останува незабележано како во земјата, така и во странство.

Servisea

Во 2025 се посветивме и на нашето присуство во професионални асоцијации и организации. За некои проблеми и тематики од нашето секојдневие сметаме дека само со здружени сили може да се издејствуваат потребните системски промени. Во тој контекст, во 2025 станавме дел од Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП). Бевме активни и во области надвор од правната професија, остварувајќи блиска соработка и со стартап асоцијацијата Ohrid Tech City, при чиешто формирање помагавме од правен и административен аспект.

Од другите активности во годината, нашата веб страница www.servisea.mk беше предмет на оптимизација и корекции, со особен акцент на прилагодување за полесна читливост на секцијата Корисни текстови. Текстовите во претходната верзија беа пишувани во информативен, но помалку разбирлив формат за лаичката публика. Со новите промени и формат, се надеваме дека овој сегмент ќе стане уште покорисен за поширокатa јавност. Со развојот на модерните AI алатки, дел од тие текстови успешно ги преточивме и во кратки видеа, во надеж дека нивниот досег ќе биде уште поголем и дека уште повеќе клиенти ќе ја искористат експертизата на Сервисеа за подобро разбирање на правната средина околу нив.

На крај, би ја истакнале и сè поуспешната поврзаност и синергија со нашата сестринска фирма Сервисеа Проперти. Комбинацијата од предмети сработени под еден покрив благодарение на оваа соработка нè позиционира како уникат во регионот, со капацитети да делуваме во неверојатно голем број ситуации со кои се соочуваат нашите клиенти. Како резултат на оваа поврзаност, но и на сè поголемиот број предмети со кои се соочуваме, со особено задоволство можеме да информираме дека работиме на проширување на нашиот тим. Се надеваме дека овој раст нема да запре и во 2026 и дека и во наредното годишно обраќање ќе споделуваме нови успеси и достигнувања на тимот на Сервисеа.

Со почит,

Мартина, Даша, Виктор, Ивица



Сервисеа ДОО